Центар за развој на медиумите на заедниците “МЕДИУМ“
Qendra për Zhvillimin e Mediave të Bashkësive ”MEDIUM”
Center for Media Community development “MEDIUM

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО МЕДИУМ ЗА 2017 ГОДИНА

ГОСТИВАР - МАРТ, 2018 ГОДИНА

Центар за развој на медиумите на заедниците “МЕДИУМ“
Qendra për Zhvillimin e Mediave të Bashkësive ”MEDIUM”
Center for Media Community development “MEDIUM”

Сите активисти не се новинари, но сите вистински новинари се активисти.
- *Глен Гринвалд, Гардијан*

Здружението Центар за развој на медиумите на заедниците „МЕДИУМ“ е со седиште во Гостивар и работи во полето на развојот на професионалните вештини на новинарите, ја поддржува неформалната едукација на новинари и нуди можности за нивно вмрежување. Исто така, обезбедува професионални образовни програми во областа на новинарството, истражување, следење и анализа, а воедно спроведува и специјализирани обуки за односи со јавноста за претставници на граѓанското општество, организации, за единиците на секторот на локалната самоуправа и бизнис.

Покрај фокусот на новинарството, МЕДИУМ е активна и на полето на развојот на граѓанскиот сектор и промовирање на концептот на доброто владеење. Фокусот на интервенции е насочен кон јакнење на меѓуетничките односи помеѓу заедниците, промоција на правата на жените, а става акцент и на анти-корупциските практики и иницира интерсекторска/интериснтитуционална соработка. Раководството на здружението е составено од претседател и тројца членови, а членството е од мешан етнички состав.

МЕДИУМ во текот на 2017 година своите капацитети и експертиза ги вложи во зајакнување на капацитетите на новинарите од етничките заедници за истражувачко новинарство, вклучување на поширокатa јавност (акцентирајќи ги припадниците на етничките заедници) во донесувањето на одлуки, како и во зголемување на продукцијата на истражувачки стории од областа на анти-корупцијата на локално ниво.



СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ:



„Антикорупциска вест на локалните медиуми“ е проект, финансиски поддржан од грантовата шема преку проектот „Истражувачко новинарство - чувар на демократијата и човековите права“ и имплементиран од Центар за управување со промени и Институт за човекови права, финансиран од ЕУ и кофинансиран од Британската амбасада во Скопје. Проектот беше спроведен во временска рамка од 6 месеци, а преку имплементацијата се делуваше кон зголемување на застапеноста на антикорупциски теми на локалните медиуми. Преку спроведените акции во рамки на проектот се влијаеше и врз развојот на професионалните капацитети на медиумите, граѓанските организации и општеството за подобрување на состојбата во однос на проблемот со корупцијата на локално ниво.

Сумирано, со имплементацијата на проектните активности, наведени се клучните постигнувања:

- Зајакнати капацитети на 20 претставници на локални медиуми и граѓански организации за истражување и известување на теми од областа на транспарентноста и анти-корупцијата на институциите на локално ниво;

- Зголемена продукција на истражувачки стории од областа на анти-корупција на локално ниво;

- Локалните граѓански организации и медиуми проактивни актери во борбата против корупцијата на локално ниво;

- Подобрена соработка помеѓу медиумите и граѓанското општество во борбата против корупцијата;

- Изработени 3 истражувачки стории со фокус на случаите на корупција и судир на интереси опфаќајќи ги проектните региони Гостивар, Тетово и Кичево;

Секое клучно постигнување на организацијата преку имплементацијата на проектот придонесе кон засилено влијание на медиумите и локалните граѓански организации во борбата против корупција на локално ниво. Исто така, преку спроведените иницијативи се тежнееше кон корекција на состојбите, а воедно беше развиена соработката и комуникацијата со сите засегнати страни, вклучувајќи ги државните институции, политичките партии, бизнис секторот и меѓународната заедница. Предложената акција на проектот, влијаеше врз развојот на професионалните капацитети на медиумите, граѓанските организации и општеството за подобрување на состојбата во однос на проблемот со корупцијата на локално ниво. Преку спроведените акции беше развиена и интерактивна соработка помеѓу медиумите и граѓанските организации, како и поголема отвореност на медиумите за активностите на граѓанските организации и нивна употреба како релевантни извори на информации. Имплементацијата на проектот влијаеше и врз зголемување на интеракцијата на новинарската фела со колеги од различни етнички позадини и други локални медиуми, зголемена свест и чувствителност на истражувачкото новинарство, како и поголем капацитет и желба истите да изнајдат одговор на прашања поврзани со корупцијата.

„**Скопје во очите на своите неслушнати граѓани“** е проект, финансиски поддржан од грантовата шема на Цивика Мобилитас за Мали Акциски грантови Реф. Бр. ЦМ-МАК-01. Проектот беше спроведен во временска рамка од 8 месеци, а преку имплементацијата се превзеде акција за прикажување на реалната слика за тоа колку „Скопје 2014“ го одразува мултикултурниот карактер на земјата. Главната цел на проектот беше истражување на перцепциите и ставовите на граѓаните, посебно припадниците на помалите етички заедници за Проектот „Скопје 2014“.

Сумирано, со имплементацијата на проектните активности, наведени се клучните постигнувања:

- Подобрени капацитети на 10 новинари, соработници и волонтери за истражувачко новинарство и етички, балансиран пристап на чувствителни теми;
- Подготвени 10 истражувачки стории објавени во дневниот весник Лајм кои главно го анализираат/прикажуваат проектот „Скопје 2014“ и неговиот ефект врз меѓуетничките односи;
- Подготвена анализа за влијанието на проектот „Скопје 2014“ врз меѓуетничките односи;
- Организирана научна трибина со 15 учесници за развојот на граѓански ориентирано општество и функционалните меѓуетнички односи во контекст на проектот „Скопје 2014“;

- Дисеминација на научната трибина преку печатени и електронски медиуми.

Низ заедничко учење и споделување членовите на МЕДИУМ, како и новинарите, соработниците и волонтерите од весникот Лајм ги здружија своите капацитети и можности за спроведување на акции за општествена промена. Истражувачките стории кои беа изработени во рамки на самиот проект всушност ги отворија прашањата поврзани со дилемите за проектот „Скопје 2014“, ставот на граѓаните и граѓанските организации за тоа колку истиот го одразува мултикултурниот карактер во државата. На тој начин се изврши промоција, заштита и практикување на слободата за здружување и изразување, како и промоција на толеранција и довербата на локално и национално ниво. Ова постигнување исто така има и мерлив придонес кон зголемувањето на јавниот дух и вклучувањето на „обичниот граѓанин“ во процесот на носењето на одлуки. Со теренски анкети со граѓани, консултирање релевантна литература како и балансиран приказ на мислења од експерти, професори и граѓански активисти воедно се отстапува од т.н. непрактикување на консултации, додека пак се вклучуваат мислењата на граѓаните во креирањето на генералните и посебните политики било на локално или пак на национално ниво. Анализата која произлезе од проектот, а се однесува на влијанието на проектот „Скопје 2014“ врз меѓуетничките односи го долови неговиот одраз од перспектива на мултикултурализмот. Додека пак, научната трибина за развојот на граѓански ориентирано општество и функционалните меѓуетнички односи во контекст на проектот даде едно исцрпно излагање на експерти за новинарските стории, а воедно отвори и една широка дебата и дискусија на која се искажаа мислењата и ставовите на присутните учесници и се дадоа препораки и иницијативи за како да се надмине ваквата состојба.

ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:

Адреса на седиштето: Бул. Браќа Гиновски бр. 61 Гостивар
Телефонски број: 071 709 099
Електронска адреса: community.mediadev@gmail.com
Веб-страница: http://mediumcenter.mk/
Facebook: https://www.facebook.com/Medium-Gostivar-1274219532642741/?ref=br_rs